**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

## НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ

**Број 1**

**Скопје, 11 јули 2016 година**

**Издание на Институтот за духовно културно наследство на Албанците-Скопје**

**Ул. Илинденска бб, 1000, Скопје**

**Уредник на издавачката дејност:**
**Д-р Скендер Асани**

**Уредник на Билтенот:**
**Д-р Сефер Тахири**

**Лектор:**
**Јорданка Шемко**

Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ

Согласно Законот за научно истражувачка дејност и член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012) и согласно одлуката на Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците-Скопје со број 0201-74/3, од 11.3.2016 година, за објавување на Билтенот на веб-страницата на Институтот за духовно културно наследство на Албанците (www.itsh.edu.mk), ќе се објавуваат рефератите за избор во научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми и рецензиите на учебници.

Потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во овој Билтен, благовремено да се доставуваат и во електронска форма (kontakt@itsh.edu.mk, sefertahiri@gmail.com), како Microsoft Word 2003 doc. во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia.

**Содржина на Билтен број 1, од 11 јули 2016 година:**

**1. Реферат за избор на виш научен соработник во Одделот за Меѓусебни културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците и другите народи во регионот при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците (Д-р Сефер Тахири)........................................5-20**

**2. Реферат за избор на виш научен соработник во Одделот за Албански јазик при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците (Д-р Зеќирија Ибрахими)........................................................................21-30**

**3. Реферат за избор на виш научен соработник во Одделот за Историја на Албанците во Македонија и демографските движења при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците (Д-р Скендер Асани)......31-43**

**4. Реферат за избор на виш научен соработник во Одделот за Историја на Албанците во Македонија и демографските движења при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците (Д-р Севдаиљ Демири)..... 44-58**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО *ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК* НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА КУЛТУРНО И ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ – СКОПЈЕ**

Врз основа на јавно објавениот конкурс на 03.06.2016 год. на дневните весници „Лајм“ и „Утрински весник“ за избор на *еден виш научен соработник во одделот за Меѓусебни културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците и другите народи во регионот*, Советот на Институтот за културно и духовно наследство на Албанците – Скопје на својата редовна седница одржана на 17.6.2016, со одлука бр. 0201-171/7 нè избра за членови на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ќемал Мурати, претседател (Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје), проф. д-р Шевчет Зеколи (Катедра за албански јазик и книжевност, Државен тетовски универзитет) и проф. д-р Изаим Муртезани (Институт за фолклор „Марко Цепенков“– Скопје).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, на Советот на Институтот му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звањето *виш научен соработник во одделот за Меѓусебни културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците и другите народи во регионот* се пријавил само еден кандидат:

**д-р Сефер Тахири, научен соработник**

**I. Биографски податоци и образование**

Сефер Тахири е роден на 26.1.1977 во село Радуша-Скопје. Во родното село го завршил основното образование, а средното образование во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ во Скопје. Дипломира на Правниот факултет во Скопје, насока новинарство, стекнувајќи се со звањето дипломиран новинар. Постдипломските студии ги завршил на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, област- комуникации. На 28.05.2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Влијанието на политичките партии врз уредувачката политика на комерцијалните телевизии во Македонија“, стекнувајќи се со научното звање магистер на комуникации. Додека на 29.09.2011 година на „Њју Јорк Универзитет“- Скопје, успешно ја одбранил докторската дисертација на тема „Влијанието на политичките партии врз уредувачката политика на јавниот радиодифузен сервис“, стекнувајќи се со научното звање доктор на комуникации.

На 27 декември 2011 година е избран во звањето научен соработник во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје, отсек за Меѓусебни културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците и другите народи во регионот.

Од 1. 9. 2008 година е ангажиран како предавач на Факултетот за јазици, култури и комуникации на „Универзитетот Југоисточна Европа", насока комуникации по предметите „Вовед во студии на медиумите", „Медиумско пишување", Медиумски критицизам", „Односи со јавноста" и „Јавно говорење". Од 2006 до 2008 година бил заменик главен и одговорен уредник, уредник на вестите и уредник на информативно-политичката емисија „Отворено Студио" во Телевизија Алсат М. Во периодот од 2000 до 2006 бил новинар и уредник на вестите во Македонска телевизија - Програма на албански јазик. Од 2000 до 2010 година работел како дописник од Македонија на Радио Слободна Европа, со седиште во Прага. Од 1998 до 2000 бил новинар и уредник на рубриката: внатрешна политика во дневниот весник „Факти". Од 2002 до 2003 бил новинар во неделникот на албански јазик „Лоби". Во 2007 година бил член на Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија, а од 2014 е член на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија.

**2) Научнаистражувачка дејност**

Научната дејност на д-р Тахири сите овие 5 години, од неговиот избор во звањето научен соработник било насочено кон интердисциплинарни истражувања и објавување на трудови од сферата на комуникациите и интеркултурата, особено фокусирајќи се на сериозен и аналитички начин врз медиумското известување за различностите. Во научните трудови тој критички, аналитички и интерпретирачки се осврнува на начинот на кој медиумите известуваат за спецификите на идентитетот на одредени заедници и групации, притоа констатирајќи дека необјективното известување, во која се манифестираат предрасуди и стереотипи, а често и говор на омраза треба да се замени со објективно и непристрасно известување, ослободено од етничките, верските, идеолошките, политичките и други мотиви.

Поради природата, функцијата и мисијата на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје и поради фактот што од 2011 ја извршува функцијата научен секретар на ИДКНА, редовно бил вклучен не само во организирањето на собирите, туку и со свои научни трудови од интердисциплинарен карактер придонел за да истите бидат во функција на промовирањето, афирмирањето, негувањето и зачувувањето на културното наследство на Албанците. Во овој контекст треба да се издвојува дека третира теми околу улогата на медиумите, јавноста и на политиката врз културното наследство. Додека во научниот труд Глобализација и етничкиот идентитет на Албанците го третира идентитетот во корелација со комуницирањето и глобалните процеси, притоа заклучувајќи дека идентитетот не е изолиран, туку отворен и дека комуницирањето и медиумите имаат многу важна улога врз главите идентитески столбови.

Голем дел од неговото научно посветување бил насочен и кон историјата на албанскиот печат во 20 век, особено на историјата на весникот „Шкупи“, чиј главен и одговорен уредник бил познатиот албански новинар Јашар Еребара.

Треба да се истакнува дека иако не е историчар, сепак дал голем придонес како коавтор на збирката со документи „Патриотската дејност на Хасан Приштина“ објавен во 2012 година. Оваа збирка со документи донесува нови историски факти, кои го осветлуваат ликот и политичките, дипломатски и образовни идеи на Хасан Приштина, еден од идеолозите на независноста на албанската држава.

Напоменуваме дека д-р Тахири третира важни теми од општествен и академски аспект. Општествениот аспект се состои во фактот што темите кои ги третира имаат значење и влијание, се од јавен интерес, додека академската оправданост се состои во оригиналноста на трудовите, а методолошки повеќето се потпираат на длабински интервјуа и на анализа на содржина односно анализа на извештаи, публикации, документи, како и анализа на секундарни податоци од претходно реализирани истражувања.

**а) Опис на објавени трудови:**

*Известување за деликатни етнички прашања* (коавтор)**,** Висока школа за новинарство и односи со јавноста и Институт за комуникациски студии, 2012, Скопје, стр. 45-55

*Asani S., Prishtina M., Tahiri S., Veprimtaria atdhetare e Hasan Prishtinës (përmbledhje dokumentesh),* ITSHKSH, Shkup, tetor, 2012

*„Kërkime historike“ - gjurmues i denjë i së kaluarës së shqiptarëve,* revista „Kërkime historike“, nr. 5-6, SHHSHM, Shkup, стр. 9- 13

*Jashar Erebara, atdhetar dhe gazetar i madh*, revista „Kërkime historike“, SHHSHM, Shkup, 2012, стр. 159- 169

*Globalizimi dhe identitetietnik shqiptar,* Studime albanologjike, nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2012, стр., 195-205

*Mediat, opinioni publik dhe trashëgimia*, SCUPI, nr. 1, ITSHKSH, Shkup, 2012 стр. 145- 157

*Mediat, trashëgimia kulturore dhe turizmi*, SCUPI, nr. 3, ITSHKSH, Shkup, 2012 стр. 195-207

*Retorika e Hasan Prishtinës*, SCUPI nr. 4, ITSHKSH, Shkup, 2012 стр 335-345

*Raportimi i mediave mbi tërmetin e vitit 1963 në Shkup*, revista Kërkime historike, nr. 7, SHHSHM, Shkup, 2013

*Rinia shkollore midis letërsise dhe mediave masive*, SCUPI, nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2014, стр. 123-133

*Необјективно известување за различностите*, Македонски институт за медиуми, Скопје, Актив.мк, 2014

*Projekti Shkupi 2014 midis politikës dhe kulturës*, SCUPI, nr. 9, ITSHKSH, Shkup, стр. 141-151

*Tendencat për zvetënimin e identitetit etnik shqiptar të Gonxhe Bojaxhiut*, SCUPI, nr. 11, Shkup, стр. 41- 54

*Прирачник за новинарство од јавен интерес (коавтор)*, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2016

**б) Учество во научноистражувачки проекти**

Бил учесник во овие научноистражувачки проекти:

„Известувањето за различностите во Македонија" - клучни наоди од квалитативното истражување на ставовите, перцепциите и практиките на редакциите во поглед на известувањето за различностите, проект на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, 2011 година http://vs.edu.mk/vs.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1141%3A2012-06-28-10-41-06&catid=102%3A2012-06-28-09-46-37&Itemid=170&lang=mk

Меѓународен истражувачки проект INFOCORE- Информирање за спречување, реакција и решавање на конфликтите: Медиумите во вооружен конфликт, 2015 и 2016 година, Висока школа за новинарство и односи со јавноста-Скопје и Бриселски универзитет.

**в) Член на редакција на зборници на трудови од научни конференции:**

Бил член на редакцијата на научното списание „Скупи", во која се објавуваат научните трудови кои се презентираат на научните конференции, трибини, семинари и научните симпозиуми организирани од страна на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје. Неговиот придонес е значаен во оваа сфера, особено како уредник на изданијата на ова списание, во кој се објавени трудови од научни собири, на кои бил главен носител односно координатор.

**г) Преглед на конференции, семинари и тркалезни маси во земјата и во странство:**

**Научни конференции**

Патриотската дејност на Хасан Приштина, ИДКНА, Скопје, 2012

Независноста на Албанија и Косово, 100 години потоа, 16 септември 2012 година, Приштина, презентација на тема: „Националниот придонес на весникот Шкупи“

Општествениот живот на Албанците во Скопје и околината помеѓу двете светски војни, ИДКНА, Скопје, 2015

**Стручни конференции и трибини**

Конференција: „Образованието за новинари, професионалните вредности и културната разновидност“, 28 јуни 2011 година, организирана од страна на УНЕСКО, Катедрата за медиумите и дијалог при УНЕСКО и Високата школа за новинарство и односи со јавноста.

Informisanje na jezicima manjina: Sloboda, pristup, marginalizacija, Media plan institut, Sarajevo (2013), презентација на тема: Известувањето на МРТ за етничките прашања

http://unescochairvs.edu.mk/attach/Information%20in%20Minority%20Languages%20in%20the%20Western%20Balkans_EN(1).pdf

Национална конференција за новинарската етика и медиумските вредности во специфични околности и за време на избори, 10 ноември 2015 година, организирана од Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите, во соработка со УНЕСКО и со Делегацијата на Европската Унија (http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/199-2016-01-12-08-57-41)

Тркалезна маса посветена на улогата и влијанието на уредниците во превенирање на говорот на омраза и дискриминацијата во медиумите, 2 октомври 2015 година, (http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/179-t)

Конференција за презентирање на Индексот на клиентелизам во медиумите, Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“, Скопје, (http://public.org.mk/aktuelno/item/351-2015-12-15-15-57-46)

Предизвиците на советите за етика во Балканот, говор на тема: Соочување со говорот на омразата во медиумите, 18 мај 2016

**Научни трибини**

Заштита на културното наследство на Албанците во РМ, ИДКНА, Скопје, 2012

Културното наследство и туризмот во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2012

Албанската книжевност и школите, ИДКНА, Скопје, 2014

Предизвиците на културното наследство во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2015

70 годишнина од издавањето на „Флака е Влазеримит“ ИДКНА, Скопје, 2015.

**Раководител на проектот поддржан од Министерство за култура: Презентација на културното наследство пред младите**

2013 година - пред учениците од скопските основни училишта

2014 година - пред учениците на гимназијата „Зеф Љуш Марку“ - Скопје

2015 година- пред учениците на гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ -Тетово

2016 година- Недела на културното наследство

**д) Рецензентски и промоторски активности:**

**Рецензии**

Lita Q, Marrëdhëniet shqiptare-jugosllave 1968-1981, ITSHKSH, Shkup, 2012

Demiri S, Shtypi shqiptar në Maqedoni, ITSHKSH, Shkup 2015

**Промоторски активности**

Промоција на издавачката и другите активности на ИДКНА (2012, 2013, 2014, 2015 година)

**ѓ) Превод**

Превод на прирачникот од македонски на албански јазик на Прирачникот за новинарство од јавен интерес издадено од Високата школа за новинарство и односи со јавноста, 2016

**з) Наставно-образовна дејност**

- Д-р Сефер Тахири од академската година 2014 /2015 е раководител на постдипломските студии при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, а ги координирал активностите за акредитација на трите студиски програми при институтот: Историја и меѓународни односи, Албански јазик и Албанска книжевност. На студиската програма Историја и меѓународни односи ги предава предметите Интеркултурно комуницирање и идентитет и Меѓународни комуникации.
- Активно вклучен во изведување на наставата на Факултетот за комуникации, јазици и култури на Универзитетот на Југоисточна Европа, насока Меѓународни комуникации, порано насока Комуникации. Секоја академска година, во континуитет од 2011 до денес е ангажиран како надворешен соработник - доцент по предметите: Вовед во медиумски студии, Медиумско пишување и известување,

Односи со јавноста, Медиуми и општество и Јавно говорење. Во секој семестар држи по 6 часа (по три за два предмети), а паралелно бил ангажиран и како доцент на истите предмети за вонредните студенти. Според евалвацијата на студентите е оценет со максимални оценки, а пред сѐ поради пристапот кој го има во изведувањето на наставата, комбинирајќи ги теоретските сознанија со практичното искуство. Овој квалитет, но и посветеноста и исполнувањето на обврските предвидени во наставниот процес е вреднуван и од страна на менаџментот на факултетот и универзитетот, зашто потврда е континуираното ангажирање од 2008 како асистент, а од 2011 како доцент.

- Во зимскиот семестар во академската 2014/2015 година на Институтот за комуникациски студии, го предава предметот: Дигитални медиуми и конвергенција, а за истиот предмет е предметен наставник - ментор за студените кои го избираат како изборен предмет.
- Во 2016 година бил член на комисијата за одбрана на докторската дисертација на Марина Тунева во Универзитетот „Евробалкан". Во 2013 година бил член на комисијата за одбрана на докторската дисертација на Севдаил Демири во Институтот за национална историја при Универзитетот „Кирил и Методиј". Бил член на рецензентска комисија за избор на научен соработник од областа на политичките науки при Институтот за комуникациски студии и на научен соработник во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје.

## 4) Стручна апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Сефер Тахири е член на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците- Скопје. Тој е ангажиран во активностите од јавен и општествен интерес, залагајќи се со своите експертски мислења и анализи пред се за слобода на медиумите и изразувањето, за почитување на професионалните стандарди и етички норми во медиумите и за реформи во медиумскиот систем на Македонија. Во таа функција д-р Тахири учествува во многу проекти кои ги имаат во фокус медиумите и комуникациите. Бил обучувач во рамките на проектот „Обука на наставници и ученици за продукција на мултимедијални содржини во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието". Исто така, одржувал обука за новинарство и односи со јавноста при Центар за обуки и курсеви „Флуент" во Тетово. Во 2012 година бил дел од проектот Механизам за следење и реакција на медиумското известување за етничките теми и прашања, додека во 2013 година бил исто така дел од истиот проект, во рамките на кој е следен начинот на кој медиумите известуваат за партиско-политичките и меѓуетничките теми при покривањето на изборната кампања за локалните избори.

Од 2014 година е член на Комисијата за жалби при Советот за етика на медиумите во Македонија, а е и член на управниот одбор на Македонскиот институт за медиуми. Бил член на комисии за доделување на награди на ниво на град Скопје, но и член на комисии за една национална и една меѓународна новинарска награда. Исто така со своите анализи учествува активно во јавната дебата околу општествените појави, а редовно еднаш месечно објавува анализи и мислења во месечното списание „Шења" и во порталот на меѓународната телевизија Ал Џезира.

**5) Оценка и предлог**

Од анализата на научните трудови и на научно-истражувачката дејност, наставно-образованта дејност како и на значајна општествена и експертско-јавна дејност на д-р Сефер Тахири, дојдовме до сознанието дека, и методолошки и содржински, овој автор ги има во средиштето на својот научен интерес културолошките, комуникациските и политичките аспекти на интеркултуралната комуникација во Македонија, со посебен акцент на односот помеѓу медиумите и креирањето на политиката за интеркултурни односи, како и на создавањето и зачувувањето на културните и етничките идентитети на заедниците, со цел на создавањето на хармонично и функционално на мултикултурното општество во Република Македонија.

Во своите истражувања д-р Тахири ги вградува најсовремените теоретски сознанија со цел тие истражувања да послужат како платформа за креирањето на политиката за подобрување на медиумската писменост во образованието, за креирање на соодветна медиумска политика за промовирање успешна меѓукултурна комуникација и подигање на свеста за потреба за толеранција и разбирање меѓу населението во Македонија и пошироко во балканскиот регион. Трудовите на д-р Тахири се од интердисциплинарен карактер и во нив се испреплетуваат повеќе научни области: комуникациите и медиумите, етнографијата на медиумите и социологијата на културата.

Запознавајќи се со научниот опус и наставните активности на д-р Тахири, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни научни резултати кои имаат влијание на развојот на науката во Република Македонија, и учествувал во општествено значајни проекти и дебати како и во проектите за оспособување на млади научно-истражувачи кадри.

Имајќи го предвид сето ова, чест ни е и особено задоволство, да му предложиме на Научниот совет на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, во Скопје, Република Македонија, д-р Сефер Тахири да биде избран во звањето виш научен соработник, што, според своите научни квалификации и резултати, постигнати во својата научноистражувачка, наставно-образовната дејност, публицистичка и стручно-општествена дејност, целосно го заслужува.

Скопје, 2.7. 2016 година

**Рецензентска комисија**

проф. д-р Ќемал Мурати, претседател. с.р

проф. д-р Шевчет Зеколи, член, с.р

проф. д-р Изаим Муртезани, член, с.р

АНЕКС

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Д-р Сефер Тахири**

**Институција: Институт за духовно културно наследство на Албанците, Скопје**

**Научна област: Интеркултурна комуникација**

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Поени

| | |
|---|---|
| Монографија<br><br>Asani S., Prishtina M., Tahiri S., Veprimtaria atdhetare e Hasan Prishtinës (përmbledhje dokumentesh), ITSHKSH, Shkup, tetor, 2012 | 8 |
| Труд со оригинални научни резултати<br><br>1) Известување за деликатни етнички прашања (коавтор), Висока школа за новинарство и односи со јавноста и Институт за комуникациски студии, 2012, Скопје, стр. 45-55<br><br>2) Globalizimi dhe identiteti etnik shqiptar, Studime albanologjike, nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2012, стр. 195-205<br><br>3) Jashar Erebara, atdhetar dhe gazetar i madh, revista „Kërkime historike“, SHHSHM, Shkup, 2012, стр. 159- 169 | 3x 4=12 |
| Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание[8]<br><br>1) „Kërkime historike“- gjurmues i denjë i së kaluarës së shqiptarëve, revista „Kërkime historike“, nr. 5-6, SHHSHM, Shkup, стр. 9- 13<br><br>2) Mediat, opinioni publik dhe trashëgimia, SCUPI, nr. 1, ITSHKSH, Shkup, 2012 стр. 145- 157<br><br>3) Mediat, trashëgimia kulturore dhe turizmi, SCUPI, nr. 3, ITSHKSH, Shkup, 2012 стр. 195-207<br><br>4) Retorika e Hasan Prishtinës, SCUPI nr. 4, ITSHKSH, Shkup, 2012 | 9x 2 = 18 |

| | |
|---|---|
| стр. 335-345<br><br>5) Raportimi i mediave mbi tërmetin e vitit 1963 në Shkup, revista Kërkime historike, nr. 7, SHHSHM, Shkup, 2013<br><br>6) Rinia shkollore midis letërsise dhe mediave masive, SCUPI, nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2014, стр. 123-133<br><br>7) Необјективно известување за различностите, Македонски институт за медиуми, Скопје, Актив.мк, 2014<br><br>8) Projekti Shkupi 2014 midis politikës dhe kulturës, SCUPI, nr. 9, ITSHKSH, Shkup, стр. 141-151<br><br>9) Tendencat për zvetënimin e identitetit etnik shqiptar të Gonxhe Bojaxhiut, SCUPI, nr. 11, Shkup, стр. 41- 54 | |
| Учество на научен/стручен собир со реферат<br><br>1) Патриотската дејност на Хасан Приштина, ИДКНА, Скопје, 2012<br>2) Независноста на Албанија и Косово, 100 години потоа, 16 септември 2012 година, Приштина, презентација на тема: „Националниот придонес на весникот Шкупи“<br>3) Jeta shoqërore e shqiptarëve në Shkup dhe rrethinë ndërmjet dy luftërave botërore, ITSHKSH, Shkup, 2015<br>4) Конференција: „Образованието за новинари, професионалните вредности и културната разновидност“, 28 јуни 2011 година, организирана од страна на Унеско, Катедрата за медиуми и дијалог при УНЕСКО и Високата школа за новинарство и односи со јавноста.<br>5) Informisanje na jezicima manjina: Sloboda, pristup, marginalizacija, Media plan institut, Sarajevo (2013), презентација на тема: Известувањето на МРТ за етничките прашања<br>6) Национална конференција за новинарската етика и медиумските вредности во специфични околности и за време на избори, 10 ноември 2015 година, организирана од Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите, во соработка со УНЕСКО и со Делегацијата на Европската Унија (http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/199-2016-01-12-08-57-41)<br>7) Тркалезна маса посветена на улогата и влијанието на уредниците во превенирање на говорот на омраза и дискриминацијата во медиумите, 2 октомври 2015 година, (http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/179-t) | 13 x1=13 |

| | |
|---|---|
| 8) Конференција за презентирање на Индексот на клиентелизам во медиумите, Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“, Скопје, (http://public.org.mk/aktuelno/item/351-2015-12-15-15-57-46)<br>9) Предизвиците на советите за етика во Балканот, говор на тема: Соочување со говорот на омразата во медиумите, 18 мај 2016<br>10) Заштита на културното наследство на Албанците во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2012<br>11) Културното наследство и туризмот во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2012<br>12) Албанската книжевост и школите, ИДКНА, Скопје, 2014<br>13) Предизвиците на културното наследство во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2015 | |
| Учесник во национален научен проект<br><br>„Известувањето за различностите во Македонија“- клучни наоди од квалитативното истражување на ставовите, перцепциите и практиките на редакциите во поглед на известувањето за различностите, проект на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, 2011 година | 1x3=3 |
| Учесник во меѓународен научен проект<br><br>Меѓународен истражувачки проект INFOCORE- Информирање за спречување, реакција и решавање на конфликтите: Медиумите во вооружен конфликт, 2015 и 2016 година, Висока школа за новинарство и односи со јавноста - Скопје и Бриселски универзитет.<br><br>Механизам за следење и реакција на медиумското известување за етничките теми и прашања, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, 2012 и 2013 година | 2x 5=10 |
| *Вкупно* | **64** |

## НАСТАВНО- ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| | |
|---|---|
| Медиуми и општество, зимски семестар, академска година 2012/2013, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04<br><br>=1.8 |

| | |
|---|---|
| Комуницирање и конфликт, зимски семестар, академска година 2012/2013, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| ПР кампањи, летен семестар, академска година 2012/2013, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумски студии, летен семестар, академска година 2012/2013, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Меѓународни медиуми (Албански јазик), зимски семестар, академска година 2013/2014, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Меѓународни медиуми (Македонски јазик), зимски семестар, академска година 2013/2014, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| ПР кампањи, летен семестар, академска година 2013/2014, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумски студии, летен семестар, академска година 2013/2014, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумско пишување и известување (албански јазик), зимски семестар, академска година 2014/2015, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумско пишување и известување (Македонски јазик), зимски семестар, академска година 2014/2015, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумски студии (Албански јазик), летен семестар, академска година 2014/2015, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумски студии (Албански јазик), летен семестар, академска година 2014/2015, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумско пишување и известување (Албански јазик), зимски семестар, академска година 2015/2016, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумско пишување и известување (Македонски јазик), зимски семестар, академска година 2015/2016, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |

| | |
|---|---|
| Медиумски студии (Тетово), летен семестар, академска година 2015/2016, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Медиумски студии (Скопје), летен семестар, академска година 2015/2016, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово | 45x0.04 =1.8 |
| Интеркултурна комуникација и идентитетот, зимски семестар, академска година 2014/2015, Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје | 16x0.04 =0.64 |
| Меѓународно комуницирање, летен семестар, академска година 2014/2015, Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје | 8x0.04 =0.32 |
| Дигитални медиуми и конвергенција, зимски семестар, академска година 2014/2015, Институт за комуникациски студии – Скопје | 8x00.4 =0.32 |
| Консултација со студенти,9 семестри по 55 студенти | 500x0.002=1 |
| Рецензија, Lita Q, Marrëdhëniet shqiptare-jugosllave 1968-1981, ITSHKSH, Shkup, 2012<br><br>Рецензија, Demiri S, Shtypi shqiptar në Maqedoni, ITSHKSH, Shkup 2015 | 2x1=2 |
| Превод од Македонски на Албански јазик на Прирачникот за Новинарство од јавен интерес, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2016 | 3 |
| *Вкупно* | **34.08** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| | |
|---|---|
| Прирачник за новинарство од јавен интерес, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2016 | 7 |
| *Вкупно* | 7 |

**Дејности од поширок интерес** Поени

| | |
|---|---|
| Член на уредувачки одбор на трудови од научен/стручен собир:<br><br>1) „Scupi“ бр. 1-2012<br>2) „Scupi“ бр. 2-2012<br>3) „Scupi“ бр. 3-2012<br>4) „Scupi“ бр. 4-2012<br>5) „Scupi“ бр. 5-2014<br>6) „Scupi“ бр. 6-2014<br>7) „Scupi“ бр. 7-2014<br>8) „Scupi“ бр. 8-2014<br>9) „Scupi“ бр. 9-2014<br>10) „Scupi“ бр. 10-2014<br><br>Главен уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир:<br><br>1) „Scupi“ бр. 11-2015<br><br>Вкупно | 10 x0.5=5<br><br>1 x2=2<br><br>7 |
| Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир<br><br>1) Презентација на културното наследство пред младите, 2012, 2013, 2014<br><br>2) Недела на културното наследство во Македонија, 2015 | 2x 2 =4 |
| Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир<br><br>1) Заштита на културното наследство на Албанците во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2012<br><br>2) Културното наследство и туризмот во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2012<br><br>3) Албанската книжевност и школите, ИДКНА, Скопје, 2014<br><br>4) Предизвиците на културното наследство во Македонија, ИДКНА, Скопје, 2015<br><br>5) 70 годишнина од издавањето на весникот „Флаке е | 5 x1=5 |

| | |
|---|---|
| Влазерими“ ИДКНА, Скопје, 2015 година | |
| Раководител на постдипломските студии при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје | 2 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br><br>- докторска дисертација на Марина Тунева, 2016<br><br>Универзитет „Евробалкан“– Скопје | 0,5 |
| Член на комисијата за одбрана на докторската дисертација на Севдаил Демири,2014 година во Институтот за национална историја – Скопје | 0.5 |
| Член на рецензентската комисија за избор во звање на Д-р Скендер Асани во ИДКНА - Скопје | 1 x0.2=0.2 |
| Член на рецензентската комисија за избор во звање на Д-р Жанета Трајковска во ИКС –Скопје | 1x0.2=0.2 |
| Член на жири-комисијата за наградата за истражувачко новинарство „Никола Младенов“ 2013 и 2014 година | 1x 2=2 |
| Член на жири-комисијата за ЕУ наградата за истражувачко новинарство, 2015 година | 1 |
| Претседател на комисијата за разгледување и давање предлози за доделување на наградата “13 Ноември„ на Град Скопје од областа на публицистиката, 2012 година;<br><br>Член Комисијата за разгледување и давање предлози за доделување на наградата „13 Ноември“ на Град Скопје од областа на образованието;<br><br>Член на комисијата за разгледување и давање предлози за доделување на наградата „13 Ноември“ на Град Скопје од областа на науката и публицистиката, 2015 година | 1x3=3 |
| Член на комисијата за жалби при Советот за етика на медиумите во Македонија | 1 |
| Член на управниот одбор на Македонскиот институт за медиуми | 1 |
| Вкупно | **29.04** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **64** |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **34.08** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **29.04** |
| **Вкупно** | **127.12** |

Скопје, 2.7. 2016 година

**Рецензентска комисија:**

проф. д-р Ќемал Мурати, претседател, с.р

проф. д-р Шевчет Зеколи, член, с.р

проф. д-р Изаим Муртезани, член, с.р

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО *ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК* НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ – СКОПЈЕ

Врз основа на јавно објавениот конкурс на 03.06.2016 год. на дневните весници „Лајм“ и „Утрински весник“ за избор на *еден виш научен соработник во отсекот Албански јазик*, Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје на својата редовна седница одржана на 17.6.2016, со одлука бр. 0201-171/7 нè избра за членови на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ќемал Мурати, претседател (Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје), проф. д-р Мируше Хоџа (Катедра за албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје) и проф. д-р Ваљбона Тоска (Катедра за албански јазик и книжевност, Филолошки Факултет „Блаже Конески“ – Скопје).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, на Советот на Институтот му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звањето *виш научен соработник за отсекот Албански јазик* на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје се пријавил само еден кандидат:

**д-р Зеќирија Ибрахими,** научен соработник

### I. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Зеќирија Ибрахими е роден на 14.6.1977 год. во с. Љуботен – Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје, а студиите по Албански јазик и книжевност ги завршил на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“(1999).

Во 2007 год. на истиот факултет го одбранил магистерскиот труд под наслов *„Внатрешнојазична референција: анафора и катафора (споредбена анализа помеѓу албанскиот и македонскиот јазик)“* од областа на контрастивната лингвистика и се здобил со звањето *магистер по филолошки науки.*

Во 2010 год. исто така на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје пред комисијата во состав: проф. д-р Џеват Лоши – ментор, проф. Агим Пољоска, проф. д-р Аслан Хамити, проф. д-р Мируше Хоџа и проф. д-р Ваљбона Тоска ја одбранил и докторската дисертација под наслов *„Конјункцијата како кохезивно средство во албанскиот стандарден јазик“* и се здоби со звањето *доктор по филолошките науки.*

Од 1999 до 2011 год. работел како библиотекар на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

А од 1 јули 2011 год. е избран за *научен соработник* во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје во отсекот Албански јазик.

## II. Оцена на научноистражувачката дејност на кандидатот од важност за изборот во научно звање

Кандидатот д-р Зеќирија Ибрахими, покрај своето научно и стручно усовршување, својата преокупација во областа на албанската лингвистика ја насочува кон проучување на текст-лингвистиката, несомнено една научна дисциплина која досега имало скромни проучувања во албанолошките студии, а неговиот научен фокус е ставен на внатрешнојазичната референција, а особено на конјункцијата, како основни категории на кохезијата на текстот. Покрај изработката на магистерскиот и докторскиот труд, своите согледувања и ставови ги има презентирано во неколку објавени научни трудови. Има учествувано во повеќе проекти на научни и образовни институции, здруженија и други организации кои организирале научни сесии, конференции, семинари, кои се организирале во земјата и надвор од неа, на кои ги презентирал своите ставови и сознанија, давајќи свој придонес во современите текови на лингвистичката наука. Во практикувањето на својата работа, покрај албанскиот јазик, кој му е мајчин јазик, има солидни познавања на македонскиот јазик, англискиот јазик, а се служи и со другите словенски јазици.

### Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатот, д-р Зеќирија Ибрахими, се истакнал со својот придонес во продлабочување на лингвистичката дисциплина Текст-лингвистика во албанологијата, со тоа што речиси целиот свој научен ангажман го посветил на ова лингвистичко подрачје. И неговата магистерска теза, и докторската дисертација, се од тоа поле, а другите негови научни прилози потврдуваат дека тој сериозно се зафатил за ова научно подрачје.

Д-р Зеќирија Ибрахими има објавено вкупно 16 научни трудови од лингвистичката област, од кои 3 труда во меѓународни научни публикации.

Повеќето текстови од неговата прва книга „Interlinearis – studime mbi gjuhën shqipe“ (Интерлинеарис – студии за албанскиот јазик) се токму од областа на лингвистиката на текстот, а бидејќи тој работел и контрастивна лингвистичка анализа (неговата магистерска е споредбена анализа меѓу македонскиот и албанскиот јазик), тука има и важни прилози за преводот на текстови од други јазици на албански јазик.

Во овој поглед ќе ги споменеме само два текста од таа книга, кои мислиме дека се столбот на оваа научно дело, а може да се каже дека се оска и на научниот ангажман на кандидатот Ибрахими.

Авторот на книгата има тука еден текст кој го проучува авторството на делото “Shqipëria ç’ka qenë, ç’është dhe ç’do të të bëhetë” (Албанија што била, што е и што ќе биде) од Сами Фрашери, која првобитно и додека Фрашери бил жив, било објавено без име на автор. Поаѓајќи од анализата на конекторите на текстот, авторот Ибрахими – со хипотеза дека делото е на повеќе автори или воопшто не е на Сами Фрашери – со темелна научна анализа на конекторите и со меѓусебна нивна

споредба во самата книга, а и со другите дела на Фрашери, но и со други автори од тоа време, доаѓа до заклучок дека делото што се смета на Сами Фрашери најмалку е дело на повеќе автори. Освен што ова е значајна научна смелост, истовремено е потврда дека научниот ангажманот на Ибрахими е длабоко ориентиран на ова поле. А овој научен прилог може да се смета и за прв и единствен од ваков тип во албанолошките студии, што навестува дека ваквиот тип на анализа на текстот во иднина може да придонесе и за поинакви и поуспешни проучувања.

Другиот текст за кој сметаме дека е важен прилог е и темелната анализа на изразот *Në emër të* или *Me emër të* (*Во име на* или *Со име на),* што се користи во светите книги, Библија и Куран. При споредба на овој израз во низа јазици, доаѓа до заклучок дека при превод на Куранот, повеќе преведувачи направиле грешка, бидејќи долгопоставената традиција со *Në emër të* (*Во име на)* на направиле со *Me emër të (Со име на)*. Иако ова е мал детаљ во јазикот, за светите книги тоа има големо значење, а воедно потврдува и за длабокото и темелното проучување на јазични изрази од кандидатот.

Во книгата има и други важни прилози од историјата на јазикот, како и албанскиот стандарден јазик и ономастиката, кои повеќе служат како потврда дека Ибрахими е доброформиран лингвист, теориски доволно подготвен и главно добар во научната анализа.

**Опис на објавени трудови:**

1) *Vështrim i disa patronimeve shqiptare me prejardhje turke*, “Jehona e re” nr. 1-2, Shkup, 2011, стр. 3-10
2) *Standardizimi administrativ i toponimeve shqiptare,* SCUPI nr. 1, ITSHKSH, Shkup, 2012, стр. 157-162
3) *Gjuha standarde shqipe dhe epoka e kompjuterizimit,* SCUPI nr. 2, ITSHKSH, Shkup, 2012, стр. 143-152
4) *Hasan Prishtina – vizionari që pengoi planet serbe,* SCUPI nr. 4, ITSHKSH, Shkup, 2012, стр. 449-460
5) *Tërmeti i Shkupit – nga fatkeqësi natyrore në fatkeqësi kulturore*, “Kërkime historike” nr. 7, Shkup, 2013, стр. 53-60
6) *Fletët e Mehmet Akif Ersojt*, “Studime albanologjike” nr. 7, ITSHKSH, Shkup, 2013, 13-18
7) *Gjuha shqipe në kohën e Perandorisë Osmane,* “Studime albanologjike” nr. 8, ITSHKSH, Shkup, 2013, 53-60
8) *Pllaka e kalasë*, “Kërkime historike” nr. 8, Shkup, 2014, стр. 123-126
9) *Letërsia shqipe në shkollë dhe ideologjia*, SCUPI nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2014, стр. 109-122
10) *Gjuha standarde shqipe – themel identitar i shqiptarëve të Maqedonisë,* “Albanologji I” nr. 4, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2014, стр. 211-220
11) *Standardizimi i toponimisë shqiptare në Maqedoni,* SCUPI nr. 6, ITSHKSH, Shkup, 2014, стр. 177-184
12) *Prifti kryeministër,* SCUPI nr. 13, ITSHKSH, Shkup, 2015, стр. 102-105
13) *Kujtesa historike e Shkupit përmes planeve urbanistike (1914-2014)*, SCUPI nr. 12, ITSHKSH, Shkup, 2015, стр. 280-288
14) *Gjuhësia ballkanike – një shembull për ballkanistikën,* SCUPI nr. 8, ITSHKSH, Shkup, 2015, стр. 219-226
15) *Gjuha e teksteve të veprimtarisë teknike-shkencore*, “Albanologji I” nr. 5, Instituti Albanologjik, Prishtinë, 2015, стр. 393-430

16) *Kurani në gjuhën shqipe – vështrim gjuhësor,* "Qytetërimi islam në Ballkan" – simpozium ndërkombëtar, IRSICA, Stamboll, 2015, стр. 679-701

**Член на редакција на зборници на трудови од научни конференции:**

Главен и одговорен уредник на:
„Scupi" бр. 1-2012
„Scupi" бр. 2-2012
„Scupi" бр. 3-2012
„Scupi" бр. 4-2012
„Scupi" бр. 5-2014
„Scupi" бр. 6-2014
„Scupi" бр. 7-2014
„Scupi" бр. 8-2015
„Scupi" бр. 9-2015
„Scupi" бр. 10-2015
„Scupi" бр. 13-2015

**Член на редакција на списанија:**

Основач и уредник на списанието „Шења" (2011- 2014)

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

**Учество на научни конференции и собири:**

1) Seminari IX ndërkombëtar i albanologjisë „Lokalja dhe universalja në kulturën shqiptare", Universiteti Shtetëror i Tetovës – Tetovë, Тетово, 2-3 октомви 2015
2) Simpoziumi ndërkombëtar „Mehmet Akif Ersoj në vendlindje", ALSAR, Тирана, 11-12 март 2016
3) Simpoziumi ndërkombëtar „Vefatının 110 Yılında Şemsettin Sami Bilgi Şöleni", Atatürk Kültür Merkezi Başkanlığı & Universiteti i Prishtinës, Приштина, 2014
4) Seminari VIII ndërkombëtar i albanologjisë „Kultura shqiptare – pjesë e pashkëputshme e kulturës evropiane", Universiteti Shtetëror i Tetovës – Tetovë, Тетово, 2014
5) Seminari VII ndërkombëtar i albanologjisë „Prurjet e kulturës shqiptare gjatë shekullit XX dhe fillimit të shekullit XXI", Universiteti Shtetëror i Tetovës – Tetovë, Тетово, 2013
6) Tribunë shkencore „Fan S. Noli – figurë emblematike për shqipen dhe shqiptarët", ITSHKSH, Скопје, 2015
7) Tribunë shkencore „Letërsia shqipe dhe shkolla", ITSHKSH, Скопје, 2013
8) Konferenca e parë ndërkombëtare „Problemet socio-kulturore dhe sfidat e bashkëkohësisë", Fakulteti Filozofik – USHT – Tetovë, Тетово, 2013
9) Konferenca shkencore „Java e albanologjisë", Instituti Albanologjik, Приштина, 2013
10) Konferenca shkencore „Java e albanologjisë", Instituti Albanologjik, Приштина, 2014
11) Konferenca shkencore „Java e albanologjisë", Instituti Albanologjik, Приштина, 2016

12) Konferenca shkencore „Jeta shoqërore e shqiptarëve në Shkup dhe rrethinë ndërmjet dy luftërave botërore“, ITSHKSH, Скопје, 2015
13) Simpozium ndërkombëtar „Osmanlıdan sonra balkanlarda kaybolan değerler“, RUTEV, ENSAR, Köprü, Скопје, 2013
14) Konferenca e tretë ndërkombëtare e Fakultetit Filologjik „Bashkëpunimi brendakulturor shqiptar“, USHT – Tetovë, Скопје, 2016

**Рецензии**

1) *Предговор (рецензија) на комплет дела на Имам Вехби Исмаили, Logos-A, Shkup*, 2011
2) *Shtatë notat e Milazim Krasniqit* – рецензија (предговор) за комплетот од 7 тома на Милазим Красниќи, Logos-A, Скопје, 2012
3) *Fishta në një dritë tjetër* – recension për librin “Fishta dëshmi për identitetin shqiptar” на Дон Виктор Сопи, “КОНА”, Скопје, 11.07.2015

**Превод**

Millan Mijalkoviq & Katarina Urbanek, Shkupi bastard i botës – arkitektura e qytetit të ndarë, GOTEN, Скопје, 2011

**III. Наставно-образовна дејност**

Секоја година е вклучен во проектот на Институтот за запознавање на учениците од средните училишта во Македонија со албанската култура.

**IV. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Од 2011 год. досега е претеседател на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците.

Уредник е и на лингвистичките изданија во Издавачката куќа „Логос-А“ – Скопје

Член е на Извршниот одбор на Фондацијата „Центар за исламска цивилизација“ – Скопје

Во ноември 2013 год. учествувал на меѓународниот симпозиум посветен на исламската уметност одржан во Палермо – Италија. Д-р Зеќирија Ибрахими активно е вклучен во работата на бројни комисии на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, и тоа: Комисија за издавачка дејност на Институтот, Комисија за организирање на научни собири итн.

**V. Заклучок и предлог**

Од сето горенаведеното и од доставената документација и личното познавање на кандидатот, а врз основа на стекнатите научни звања, објавената книга, објавените статии од областа на лингвистиката, учеството на научни собири и други активности, Рецензентската комисија ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зеќирија Ибрахими.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зеќирија Ибрахими поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачка дејност  и Правилникот за начинот и постапката за избор во научни звања ги исполнува сите услови да биде избран во звањето ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК во научната област АЛБАНСКИ ЈАЗИК.

Според горенаведеното, Комисијата смета дека кандидатот д-р Зеќирија Ибрахими ги исполнува општите и специфичните услови за избор во звањето *виш научен соработник*, па затоа има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје д-р Зеќирија Ибрахими да биде избран во звањето ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК во научната област АЛБАНСКИ ЈАЗИК.

Скопје, 28. 6. 2016 год.

